# И З В Е Ш Т А Ј

Врз основа на анализата на списите на предметите ППНИ (заведени по приговор против неправилности при извршувањето односно приговор за незаконитости при извршувањето) во месец јули, август и септември 2017-та година, во Апелациониот суд Битола дојдов до следните:

## I З А К Л У Ч О Ц И

* Поради наведените причини не може да се одложи извршувањето:

– ако од правосилноста на одлуката (извршната исправа) до поднесеното барање за извршување поминало доволно, долго време во кое должникот можел да постапи по извршната исправа и побарувањето на доверителот да биде остварено;
  ГЖ.бр.1568/17, ГЖ.бр.1531/17,ГЖ.бр.1645/17, ТСЖ.бр.548/17

– поради поведена постапка во која ќе се одлучува за основано/неосновано ставена потврда за извршност на извршната исправа; дали ќе биде укината потврдата за извршност е идна, неизвесна околност;
  ГЖ.бр.1522/17, ТСЖ.бр.561/17

– поради поведена парнична постапка по тужба за поништување на извршната исправа;
  ГЖ.бр.1567/17,

– изјавена жалба во постапка во спорови поради смеќавање на владение која согласно одредбата од чл.414 ст.3 од Законот за парнична постапка не го задржува извршувањето на решението;
  ГЖ.бр.1588/17

– поради наводи на должникот дека во лето кога имало повеќе странци во земјата ќе имал можност да ја продаде недвижноста – предмет на извршувањето по повисока цена од продажната цена во извршувањето;
  ТСЖ.бр.423/17

– поради наводи на должникот дека во лето, ќе можел да постапи по

извршната исправа односно да се иссели од предметната недвижност со помали последици за него;
ГЖ.бр.1400/17

- поради поднесен приговор против неправилности при извршувањето односно приговор за незаконитости при извршувањето;
РОЖ.бр.630/17

* Од одредбата од чл.91 ст.6 од Законот за извршување произлегува дека гаранција не мора да се депонира во секој случај кога е побарано одлагање на извршувањето, туку тоа зависи според фактите на предметот.
ГЖ.бр.1561/17

* Приговорот против неправилности при извршувањето односно приговор за незаконитости при извршувањето нема суспензивно дејство.
ТСЖ.бр.496/17, ТСЖ.бр.491/17, ТСЖ.бр.550/17

*Не е неправилност односно незаконитост при извршувањето тоа што приговорот е доставен на одговор само на извршителот, а не и на доверителот.
ГЖ.бр.1564/17, ГЖ.бр.1455/17, ГЖ.бр.1583/17

* Во текот на спроведувањето на извршувањето ирелевантно е односно не се цени законитоста на постапката која завршила со донесување на извршната исправа.
ГЖ.бр.1558/17, ГЖ.бр.1664/17, ГЖ.бр.1644/17, ГЖ.бр.1565/17

* Уплатите извршени од страна на должникот во текот на извршувањето, а со цел намалување на долгот по извршната исправа ќе бидат земени предвид на крајот на извршувањето при намирувањето на доверителот и поради истите не се утврдуваат неправилности односно незаконитости на извршното дејствие (донесен налог, заклучок...).
ГЖ.бр.1521/17, ГЖ.бр.1692/17

* Во состојба кога од списите на предметот не може со сигурност да се утврди дека извршната исправа е реализирана во целост, а со донесениот заклучок за утврдување на трошоците на извршувањето, извршителот утврдил износ на награда за реализирана извршна исправа односно поголем од оној кој е предвиден со чл.5 од тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите, судот заклучил дека се сторени неправилности односно незаконитости при извршувањето.
ГЖ.бр.1464/17, ТСЖ.бр.523/17

* Вредност на извршувањето е вредноста наведена во првиот донесен налог за извршување.
ГЖ.бр.1585/17

* Доколку должникот не приложи докази со кои ќе докаже дека паричните

средства кои се на неговата сметка се уплатени од трето лице со цел тоа лице да оствари некои свои цели и користи тогаш се смета тие пари се на должникот и можат да бидат предмет на извршување.
ГЖ.бр.1582/17, ГЖ.бр.1566/17

* Фактурата и аналитичката картица не се докази дека е платена купопродажна цена за предмети и дека правото на сопственост на тие предмети преминало од должникот на трето лице.
ТСЖ.бр.513/17

* Доколку договорот склучен меѓу должник и трето лице за продажба на недвижноста – предмет на извршувањето не е заведен во катастарската евиденција односно правото на сопственост на таа недвижност не е запишано на трето лице тоа значи дека сеуште сопственик е должникот.
ТСЖ.бр.501/16

* Фактот што должникот правно лице – трговско друштво извршило преобразба на друштвото од една во друга форма на трговско друштво не е пречка извршувањето да продолжи.
ТСЖ.бр.521/17

* Спрема должникот како физичко лице ќе се спроведува извршување за долгот кој со извршната исправа е задолжен да го плати должникот адвокат, ако кога е поднесено барањето за извршување должникот не бил повеќе адвокат.
ГЖ.бр.1708/17

## II ПРАВНИ МИСЛЕЊА

* Додека се води спор за поништување одлука за распоредување, работодавачот пред правосилноста на пресудите не може да донесе нова одлука за распоредување на работникот.
РОЖ.бр.630/17

* Иако евидентниот лист не претставува доказ за правото на сопственост, а должникот не може да го запише своето право на сопственост во катастарската евиденција со оглед дека се работи за недвижен имот за кој не постои одобрение за градење не значи дека таквиот недвижен имот е изземен од извршување. Ова се додека трето лице не му го оспори правото на сопственост на должникот и не докаже дека тој е сопственик на недвижноста. Во таков случај, извршителот наместо со прибелешка, го спроведува извршувањето така што составува записник за попис и процена на недвижноста.
ГЖ.бр.1567/17

* Кога со решенија на надлежниот министер во смисла на одредбите од

чл.29 и чл.30 од Законот за процена, на предметното друштво не му е одземена лиценцата за процена и истото не е бришано туку напротив стои запишано во регистрите, тогаш се смета дека истото е овластен проценител.
ТСЖ.бр.505/17

## III ПРАВНО ПРАШАЊЕ

Во ситуација кога должник по извршната исправа е „Судски буџетски совет", а извршителот како должник во налогот за извршување навел „Судска власт", се јавува за спорно дали извршната исправа е подобна за извршување и дали и кој може да биде странка – должник во извршувањето.

### Образложение

Предметното правно прашање е истакнато во предметите ГЖ.бр.1434/17, ГЖ.бр.1528/17 и ГЖ.бр.1570/17 на Апелациониот суд Битола. Во наведените предмети е истакнато дека согласно одредбата од чл.2 од Законот за судскиот буџет - Судскиот буџет е дел од Буџетот на Република Македонија издвоен како посебен дел означен со "Судска власт", како и дека Судскиот буџетски совет нема посебна сметка во рамките на трезорската сметка.

Изработил,

Христина Чагорска Јаковлевска -

Виш судски соработник